НП

КОПИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. 12- 326613
14.11.2023 година
Скопје

**До**
**Инспекциски совет**
**ул. „Даме Груев“ бр.3 блок 2 локал 5**
**1000 Скопје**

Предмет: Достава на Годишен план

Почитувани,

Во прилог на дописот ви доставуваме Годишен план за работа на Сектор за превенција и инспекциски надзор во Управата за заштита на културното наследство за 2024година и Годишен план за индивидуално и стручно усовршување на секој инспектор за 2024 година.

Со почит,

**в.д.Директор,**
**м-р Зоран Павлов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
СКОПЈЕ - SHKUP

Изработил: ЖП


Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

КОПИЈА

Влада на Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИНДИВИДУАЛНО И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКА НА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ЗА 2024 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Арх. Бр. | 12 – 3266/2 | м-р Зоран Павлов |
| Датум: | 14.11.2023 | в.д. Директор, |
| Место: | Скопје | м.п. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
СКОПЈЕ - SHKUP

ВОВЕД

Во согласност со член 50 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019) Управата за заштита на културното наследство донесува Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор инспекторот има право и должност континуирано, професионално и стручно да се усовршува и обучува во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен преку генерички и специјализирани обуки.

Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година е изготвена од страна на Инспекциски совет (член 49 став (3) од Законот за инспекциски надзор), користејќи ги наодите и препораките изнесени во Анализата на потребите за генерални обуки на инспекциските служби. Истата се темели на резултатите добиени од Извештајот за реализирани генерички обуки во 2023 година, односно од информациите за потребите од обуки на инспекторите.

Со Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година се опишуваат областите и темите за обуките, целите кои треба да се постигнат, целните групи на учесниците, изворите на финансирање на обуките, како и начинот и времетраењето на реализацијата на обуките.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Главната цел на оваа Програма преку изготвување на Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој.

1. Општите цели вклучуваат:

- Понатамошно запознавање со општата законска рамка за инспекциски надзор;
- Унапредување на вештините за професионално однесување при извршување на инспекцискиот надзор;
- Изградба на личниот интегритет на инспекторите;
- Подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор;
- Подобрување на квалитетот на актите кои ги донесуваат инспекторите;
- Подобрување на антикорупциското однесување на инспекторите.

2. Посебните (специфични) цели вклучуваат:

Целосна контрола во имплементирањето на материјалните закони во практиката доверени во надлежност на соодветните инспектори, применувајќи при тоа соодветни процедури пропишани со пропратните прописи наведени во програмата.

ЦЕЛНА ГРУПА

Според својот делокруг на работа учесници на обуките ке бидат:

- Инспекторите за културно наследство

Реализацијата на Годишниот план ќе обезбеди инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини кои се од суштествено значење за нивната работа и значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

ОБЛАСТИ И ТЕМИ ЗА ОБУКА

Годишниот план опфаќа повеќе теми за стекнување знаења и вештини, според делокругот на надлежности што се утврдени согласно одредбите на материјалниот закон по кој постапуваат инспекторите за културно наследство.

Област 1—Законодавство

Тема 1.1- Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за заштита на културното наследство);

Тема 1.2 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за музеите);

Тема 1.3 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за аудиовизуелните добра);

Тема 1.4 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за библиотеките);

Тема 1.5 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за меморијалните споменици);

Тема 1.6 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите и прекршочни одредби (Закон за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион);

Тема 1.7 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење);

Тема 1.8 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за прогласување на Старата Скопска чаршија за културно наследство од особено значење);

Тема 1.9 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за прогласување на споменичката целина на Крушево за културно наследство од особено значење);

Тема 1.10 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење);

Тема 1.11 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење).

За секоја од темите предвидени се 3 часа предавања/вежби

Во согласност со член 50, став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019) во Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година вклучени се најмалку три генерички обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година која е изготвена од страна на Инспекциски совет согласно член 49 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

За таа цел, конкретни области и темите кои се идентификувани како слаби точки при постапување на инспекторите и нивното професионално постапување во извршување на квалитетни надзори, според целите од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите во УЗКН за 2024 година се селектирани следните:

| Предвидени генерички обуки за инспекторите | | | |
|---|---|---|---|
| Жаклина Петровска | Тема 1.1 – Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзори)<br>6 часа предавања/вежби; | Тема 1.8 – Етика -<br>6часа предавања/вежби | Тема1.10– Комуникација<br>6часа предавања/вежби |
| Сарита Капузова | Тема 1.2 – Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзори Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор)<br>12часа предавања/вежби | Тема 1.12 – Изработување на управни акти –<br>6часа предавања/вежби | Тема 1.13 – Спречување на корупција –<br>6часа предавања/вежби |
| Марија Пујаз | Тема 1.3 - Начела и организација, постапки, одговорности, санкции (Закон за прекршоците)<br>6часа предавања/вежби | Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки)<br>6часа предавања/вежби | Тема 1.9 – Управување со време<br>6часа предавања/вежби |

## ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Со Законот за инспекциски надзор е утврдено дека Инспекцискиот совет и инспекциската служба ќе воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби, а последователно ќе се донесува „Годишна програма за генерички обуки на инспекторите“ и „Годишниот план за за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор.

Главната причина за обучување на инспекторите е потребата од зајакнување на капацитетите на државната администрација за доследно спроведување на законските прописи во Република Северна Македонија, како еден од клучните предуслови во евроинтегративните процеси на државата.

Предвидените области и теми за обука на инспекторите се резултат на Анализата на потребите за генерални и стручни усовршување и обуки, со која се идентификувани најрелевантните и потребни теми за обука, но и најефикасните методи за спроведување на обуките за инспекциската служба.

Стратешката основа во политиката за управување на Управата за заштита на културното наследство е насочена кон координација и развој на човечките ресурси расположливите професионални потенцијали во делот на инспекциската служба, преку обука и стручно усовршување за да врши организирани, ефикасни, квалитетни, функционални надзори од соодветна областа на делување на територијата на Република Македонија.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на спроведувањето на Годишниот план за индивидуално и стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година ќе се организира со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Финансирањето на спроведувањето на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година ќе се организира со средства од Буџетот на Инспекцискиот совет.

## НАЧИН И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Класичниот начин на организирање на обуки во училница нема да се користи во текот на 2024 година. Во тој контекст, Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор ќе се реализира со користење на електронска платформа за учење која овозможува два начина на on-line учење:

- on-line учење во „живо“ и
- on-line обука, преку самостојно учење.

Планот за обука ќе ја реализира, односно обуките ќе бидат изведувани од административни службеници, вклучувајќи искусни инспектори од раководните нивоа, како и од надворешни стручни лица, кои треба да поседуваат соодветно искуство за модулот/темата на обука. Обучувачите треба да поседуваат професионални квалитети во смисла на репертоар на методи и техники на обука, да бидат организирани и систематични, да умеат да ги користат техничките средства кои се потребни, со силни вештини за комуникација, емпатија, толеранција, почитување на различностите и да поседуваат знаења и вештини за користење на електронска платформа за учење.

Воспоставувањето на ефективен и ефикасен систем на обука бара јасна распределба на функции, задачи и ресурси поврзани со обуките.

Директорот на Управата за заштита на културното наследство ја одобрува струната обука и врши надзор над нејзината имплементација; одобрува интерни акти поврзани со обуката; номинира обучувачи од редот на вработените (од раководните нивоа и искусни инспектори од другите нивоа); по потреба ангажира предавачи од надворешни инспекторати.

Обучувачот, изготвува нацрт пропис за обука; го организира процесот на обука; изработува годишен план за обука и врши мониторинг на нивната имплементација; спроведува редовни анализи на потребите обуки.

Обуките ќе бидат организирани преку електронска платформа во „живо“ и преку самостојно учење.

Двата начини ќе бидат комбинирано употребени за реализација на секоја во согласност од темите предвидени во Планот.

Дневната програма е препорачано да биде концепирана согласно следните елементи и тоа еден ден од работниот дел на обуката ќе биде подделен на две сесии.

Почетокот од секоја обука ќе биде посветен на Вовед во обуката и на детектирање на влезно знаење на учесниците.

Крајот од секоја обука ќе биде посветен на Евалуација на обуката и на детектирање на излезно знаење на учесниците.

Времетраењето на обуките кои ќе бидат организирани електронски преку самостојно учење, ќе зависи од индивидуалното темпо на секој учесник. Кај ваквиот начин на обуки ќе биде определено само почетното и крајното време,

односно периодот во кој таквата обука ќе биде достапна на електронската платформа, според временскиот распоред прикажан во табелата подолу.

Напомена: По завршување на обуката ќе се врши проверка на примената на знаењето од страна на учесниците и тоа преку еден од следните начини;

- о Доставување завршни тестови (квизови) – за учесниците и за нивните непосредни раководители, или во зависност од целната група и до директорот;
- о Завршните тестови (квизови), можат да бидат споделени електронски на крајот од обуката или во рамки на најавени/ненајавени посети од страна на обучувачите.

Оценувањето на успешноста во следењето на обуката ќе се обезбедува од завршните тестови (квизови), а за успешно завршена обука ќе се смета доколку инспекторот точно одговори на најмалку две третини од поставените прашања во тестот (квизот).

Државниот инспектор ќе се смета дека успешно ја завршил програмата и планот, врз основа на сумарните податоците и информациите за степенот на реализација, а во согласност со пропишаните критериуми на оценување за успешност на инспекторите и тоа:

- над 95% - 15 бодови,
- 75-95% - 10 бодови,
- 50-75% - 5 бодови и
- помалку од 50% - 0 бодови.

Секоја тема од годишниот план, ќе биде детално разработена со План за обука, кој ќе содржи:

-Назив на темата и вкупен број на часови;
-Конкретни цели на темата;
-Дидактички материјали,
-Методи на обучување, активности за учење;
-Активности на инспекторот,
-Активности на обучувачот.

Во текот на обуката ќе се употребуваат следниве методи и техники:

- Дискусија и разговор;
- Номинално– групна работа;
- Интернет пребарувања;
- Power point презентации;

- Други софистицирани техники.

Материјалите ќе бидат дистрибуирани по електронска пошта.

Реализацијата на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите која ја организира и спроведува Инспекцискиот совети ќе се реализира со користење на новата електронска платформа за учење, која овозможува два начини за on-line учење:

1) во„живо“ и

2) преку самостојно учење.

Годишен план за индивидуални стручно усовршување на секој инспектор

| Реден број | Модул/Тема | Целна група Број на учесници | Времетрае ње час/ден | Начин на реализација | Период • квартали | | | | Финансиски средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 | 3 | 4 | УЗ КН | ИС |
| 1 | Закон за заштита на културното наследство, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, Прекршочни одредби | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |
| 2 | Закон за музеите, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, Прекршочни одредби | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |
| 3 | Закон за аудиовизуелни добра, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, Прекршочни одредби | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |
| 4 | Закон за библиотеките, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, Прекршочни одредби | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |
| 5 | Закон за меморијалните споменици, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, Прекршочни одредби | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |
| 6 | Закон за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион Начела и | 3 | 3 | on-line учење во „живо" / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите, | | | | | | | | |
| 7 | Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите | 3 | 3 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X |
| 8 | Закон за прогласување на Старата Скопска чаршија за културно наследство од особено значење, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите | 3 | 3 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X |
| 9 | Закон за прогласуваее на споменичката целина Крушево за културно наследство од особено значење, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите | 3 | 3 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X |
| 10 | Закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство одо особено значење, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на инспекторите | 3 | 3 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X |
| 11 | Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство одо особено значење, Начела и организација, Права, обврски и овластувања на | 3 | 3 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | X | X | X | X |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | инспекторите | | | | | | | | | |
| 12 | Инспекциски надзор -Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзори) | 3 | 12 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | | | | | X |
| 13 | Начела и организација, постапки, одговорности, санкции (Закон за прекршоците) | 3 | 6 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | X | | | | | X |
| 14 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзори) | 3 | 6 | on-line учење во „живо“ / on-line самостојно учење | | | | X | | X |